# Извештај за работата на ФФМ согласно стратешкиот план 2016-2026, за 2016 година

# ПРЕДГОВОР

## Генерален Секретар – Филип Поповски

Изминатата година за ФФМ беше година во која ги промовиравме нашата визија, мисија како и главните стратешки цели во документот наречен Стратешки план 2016-2026. Тука ги промовиравме нашите вредности со кои вршиме грижа за играта која сите ја сакаме и придонесуваме за негов развој и посветла иднина.

Беше креирана солидна рамка на кратки, средни и долгорочни цели во кои сите заедно вклучлувајќи ги и заинтересираните страни се обврзавме дека ќе изградиме подобра и поздрава средина за сите кои сакаат да бидат дел од нашиот фудбалски свет. Сите заедно обединети во радоста што фудбалот ја носи, продолжуваме и понатаму, не скршувајќи од зацртаните цели, но и изнаоѓајќи решенија и нови начини како да се справиме со предизвиците на кои наидуваме на патот кон успехот.

Многу е важно за раководењето со фудбалот да останеме и понатаму транспарентни и да продолжиме да влеваме доверба кај сите кои допринесуваат за развојот на фудбалската игра.

Нашите натпреварувања испраќаат јасна порака колку луѓето го сакаат фудбалот. И не само на професионално ниво, туку и на аматерско, каде секојдневно се одигруваат натпревари ширум државата. Подобрувањето на условите за игра, како и можноста за фудбалска опрема и топки се само дел со кои ФФМ се труди да им обезбеди на оние на кои навистина им е најпотребно.

ФФМ секогаш го става фудбалот на првото место.Самото работењево Фудбалската федерација на Македонија преставува привилегија, но но во исто време и обврска. Мораме да истакнеме нашата социјална одговорност која допира во сите аспекти на нашето општество. Затоа овој извештај го покажува начинот на функционрањето, постигнатите резултати, како и предизвиците кои следат во следниот период.

Можам да кажам слободно дека сме горди  на она што го постигнуваме.

УЕФА **СУПЕР КУП 2017**
Национална арена „Филип Втори“
во СКОПЈЕ

**23.000**
регистрирани
играчи

**АНДОН ДОНЧЕВСКИ**
првиот селектор на А
репрезентацијата на Македонија
*“Дочекав да ја водам македонската репрезентација.*
*Душата ми е полна. Без ова животот ќе ми беше празен.“*

**16** ОКТОМВРИ
2002 ГОДИНА
Англија - **Македонија** 2-2, незаборавен
натпревар во Саутемптон, Англија

**7000** *деца на возраст*
*од 8 до 12 година*
*во детската*
*фудбалкса лига*

**1 ПЛАСМАН НА ЕВРОПСКО И СВЕТСКО ПРВЕНСТВО**

1 КУЌА НА ФУДБАЛОТ **со модерен тренинг центар**
*/ “ПЕТАР МИЛОШЕВСКИ„*
*и стадион од втора категорија*

**Словенија - Македонија 1:4**
13 ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА
**прв официјален натпревар** *на*
*репрезентацијата на Македонија*
*Крањ - Словенија*

*РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ДО*
**21 ГОДИНА**
Најдобра репрезентација во
Република Македонија
за 2016 година

***1994 година*** **28 април**
*фудбалската федерација на македонија станува*
*полуправен* ***член на УЕФА***

**16 јуни**
*фудбалската федерација на македонија станува*
*полуправен* ***член на ФИФА***

*фудбалската*
***академија***
на ФФМ дел од проектот за елитни
фудбалери - 2015

*22 март 2013 Отворање на комплексот*
**„КУЌА НА ФУДБАЛОТ“**

**1919** **20** *април е одигран првиот официјален меѓународен натпревар*
*во Македонија меѓу селекцијата на англиската војска и младински тим*
*од Скопје*

**ПАНДЕВ ГОРАН**
**ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ**
**ШАМПИОН СО ИНТЕР**
**2009/2010**

**Најголемата победа нашата футсал репрезентација**
**ја има издвојувано над Бугарија со резултат**
**Охрид, 24 октомври 2002 година**
**21:2**

*1992 година*
*април 28*
*Струмица - основачка*
*седница за самостоен*
*фудбалски сојуз на*
*Македонија*

ФФМ

КОЛЕ **ЧАШУЛЕ**
**ПРВИОТ** ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФУДБАЛСКАТА
ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
*Фудбалот беше благороден ангажман, а не суров занает.*
*Самопрегорната ангажираност ги покажа првите*
*импресивни резултати*

**1** СТАДИОН ОД ЧЕТВРТА КАТЕГОРИЈА
НАЦИОНАЛНА АРЕНА
“Филип Втори”

# ВИЗИЈА

# ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
# СОЗДАВАМЕ МОЖНОСТИ


ФИФА
ИГРАЧИ
ТРЕНЕРИ
СУДИИ
КЛУБОВИ
ФАНОВИ
РОДИТЕЛИ
ФУДБАЛСКИ ШКОЛИ
РЕГИОНИ
ОФС
УЕФА
Корисници на социјални медиуми
Агенти / Посредници
Фудбалски работници
Вработени
Комерцијални партнери
Државни институции
Локална самоуправа
МОК
Училишта
Факултет за физичка култура
Синдикат на фудбалери
НВО
Други фудбалски федерации
Други спортски сојузи во државата
Ветерани и фудбалски легенди
Семејства и посетители
Поширока јавност
ТВ гледачи

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ВРЕДНОСТИ







# МИСИЈА

Фудбалската федерација на Македонија ја има одговорноста за организирање на сите аспекти на фудбалската игра, водејќи сметка за:

- Раст на играта - создавање на можности за омасовување на фудбалската игра, зголемување на бројот на учесници на сите нивоа, во согласност со можностите, талентот и посакуваната цел, од аматерски до елитен фудбал;

- Добро раководење и организациски развој - на ниво на организации и членки, администрација, организација на лигите, организација на фудбалската игра во целост.

- Финансиски раст - транспарентно и одговорно управување со средствата, создавање услови за финансиски раст од постоечките извори на средства и од нови извори на финансирање.

- Вложување, развој и одржување на фудбалската инфраструктура;

- Постигнување резултати на меѓународен план - создавање услови за развој на квалитетни младински репрезентации кои ќе постигнат успех на меѓународен план со што ќе се создаде основа за квалитетни сениорски репрезентации, создавање на услови за развој на квалитетен клубски фудбал;


РАСТ НА ИГРАТА
РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ
ФИНАНСИСКИ РАСТ
ИНФРАСТРУКТУРА
МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ
ОСНОВНИ СТОЛБОВИ НА КОИ СЕ ЗАСНОВА **СТРАТЕГИСКИОТ ПЛАН**

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

- создавање на можности за омасовување на фудбалската игра, зголемување на бројот на учесници на сите нивоа, во согласност со можностите, талентот и посакуваната цел, од аматерски до елитен фудбал

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Развој на младинскиот фудбал | Одржан и зголемен број на екипи и деца во младински лиги за најмалку 25% .<br><br>Јасна евиденција на број на регистрирани играчи. | 2016 – 2019 | Резултати и масовност на фудбалери во младински лиги е евидентно и е во континуитет со зголемен број на регистрирани фудбалери и учество на клубови во разни натпреварување во млади категори,<br>**Сезона 2014-2015**, Супер лигата броеше 12 екипи по 4 категори и тоа :младинци, кадети, пионери, и помлади пионери), учествуваа 48 екипи, а беа регистрирани вкупно 960 фудбалери; Втората младинска лига броеше 10 екипи по 4 категори и тоа : младинци, кадети, пионери и помлади пионери, учествуваа 40 екипи, а беа регистрирани вкупно 800 фудбалери; 2 (две) Регионални лиги (Запад- Исток) кои броеја по 7 екипи по 2 категори во двата региона и тоа : пионери и помлади пионери, каде учествуваа 14 X 2 екипи (28), а беа регистрирани вкупно 560 фудбалери во двете лиги.<br>**Сезона 2015-2016**, Супер лигата броеше 12 екипи по 4 категори и тоа: младинци, кадети,пионери, и помлади пионери, учествуваа 48 екипи, а беа регистрирани вкупно 1060 фудбалери; Втора младинска лига која броеше 12 екипи по 4 категори и тоа :младинци, кадети, пионери и помлади пионери, учествуваа 48 екипи, а беа регистрирани вкупно 880 фудбалери; 3 (три) Регионални лиги (Запад- Исток-Северен) која броеше по 8 екипи по 2 категори во трите региона и тоа: пионери и помлади пионери, учествуваа 24 X 2 екипи (48), а беа регистрирани вкупно 1080 фудбалери вкупно во трите лиги. По таа година се укинаа две регионални лиги и остана само една Регионална лига.<br>Од **сезона 2016-2017** Супер лигата брои 12 екипи по 4 категории тоа: младинци, кадети, пионери и помлади пионери, учествуваат 48 екипи, а беа регистрирани вкупно 1200 фудбалери; Втора младинска лига која брої 14 екипи по 4 категори и тоа:младинци, кадети, пионери и помлади пионери учествува 56 екипи, а фудбалери регистрирани 1400; 1 (една) Регионални лига (ген.2000-2001) која брої по 9 екипи по 2 категори во регион и тоа: пионери и помлади пионери, учествуваа 9 X 2 екипи (18), а беа регистрирани вкупно 250 фудбалери во двете конкуренци; 5(пет) Регионални лиги (Петлиња ген.2002-2003) кои бројат по 6,7,8, 9,12 екипи по 2 категори во регион и тоа(петлиња генерација 2002-2003) учествува 106 екипи, а беа регистрирани фудбалери 2655 вкупно во двете генераци2002-2003.<br>За сите години на сите учесници во сите лиги ФФМ има донирани фудбали за секоја категорија по 10 фудбали и комплет опреми за сите генераци (Прилог 1 и 2).<br><br><u>Детски лиги:</u><br>Сезона 2014/2015 (94 клубови и 4800 регистрирани играчи); |

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Евидентирање на играчи од училишен фудбал. Регистрација на евидентирани играчи. | | Сезона 2015/2016 (110 клубови и 7300 регистрирани играчи);<br>Сезона 2016/2017 (100 клубови и 7000 регистрирани играчи)<br>Напомена: Падот на бројот на регистрирани играчи од претходната сезона до оваа се должи единствено на тоа што генерација на родени 2003, која и оваа сезона требаше да се натпреварува во Детски лиги, премина да се натпреварува во регионалните лиги поради усвоениот нов систем на натпревари во овие категории. Поради слична причина (генерација која требаше да се натпреварува во регионални младински лиги, а остана да се натпреварува во Детски лиги), во сезона 2015/2016 има огромен прираст од 2500 новорегистрирани играчи. Сумирано, доколу се погледнат бројките од изминатите две и од тековната сезона, може да се заклучи дека покрај тоа што има јасна евиденција, имаме и тренд на стабилен раст од повеќе од 1000 нови регистрации секоја натпреварувачка сезона предизвикан директно од организацијата на Детските Лиги.<br><br><u>Училишен фудбал:</u><br>Изготвен проект за истиот со важност Септември 2017 – Јуни 2020, истиот испратен до УЕФА по што добивме одлични критики од претставници на УЕФА при нивната посета и за кој не известија дека дека ќе биде одобрен и поддржан од нивна страна. Еден од најбитните моменти во проектот е евидентирањето на учесниците за што веќе се превземени чекори за изготвување на апликација преку која би се регистрирале учесниците, но која би ја поедноставила процедурата а во исто време би осигурала дека истите не се дуплираат односно не фигурираат и во Комет ситемот што е воедно и чекор за придонесување за раст – привлекување на нови играчи.<br>Преку наведната мерка директно би влијаеле и на една од подоцнежните цели на проектот, привлекување на играчи од училишниот фудбал во локалните клубови и нивно регистрирање во Комет системот со што покрај тоа што допринесуваме за раст, влијаеме и на наведениот показател за успешност. |

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот на судии и судење | Зголемување, и задржување на постоечкиот број на судии.<br>Континуирано зголемување на просечна оценка на судењето и намалување на негативните оценки.<br>Повисоко рангирање на судии на меѓународен план.<br>Зголемен број на меѓународни судии. | 2016 - 2021 | По однос на регрутирањето и задржувањето на судиите во последните 3 години (2014-2016) имаме значително зголемување на бројката во 2015 година (333 во 2014, 540 во 2015), но големо откажување во 2016 – бројот на судиите е намален на 420.<br>И покрај големите напори на Судиската организација преку едукативни курсеви и проверки на физичката подготвеност на судиите, како и проверка на познавање на ПФИ на судиите и контролорите, последната 2016 година за жал е година со најголем број на слаби (негативни) оцени – 20. Поради овој негативен тренд изминатата година Судиската организација во годината што следи ќе настојува со почести проверки и едукации да го намали бројот на доделени негативни оцени.<br>На меѓународен план, од тројцата ФИФА судии, Ставрев Александар е во Првата група на судии (втора по ранг група на ФИФА) и тој со неговиот тим судат квалификациски натпревари во Лигата на шампиони на УЕФА, како и натпревари од групната фаза на Лига Европа.<br>Изминатата година најголем дострел имаше Билјана Атанасовски, ФИФА асистент судија, која беше делегирана на Светското првенство за девојки до 20 години во Папуа Нова Гвинеја. Покрај натпревари од групната фаза, асистираше и на финалниот натпревар помеѓу Северна Кореа и Франција (3:1). Инаку, во 2015 и 2016 година е во тимот на ФИФА судијата од Малта, Азопарди, и асистира на натпревари од женската Лига на шампиони на УЕФА.<br>И Ивана Пројковска од главната листа на жени успеа во текот на 2015 година да се пробие на листата судии од втората категорија на ФИФА, со што се стекна со право да биде делегирана на натпревари од Лигата на шампиони во женска конкуренција. Учесник е на две Европски првенства, во 2015 година У-17 на Исланд и 2016 година У-19 во Словачка.<br>ФИФА футсал судиите, Јосип Бартон и Петар Мантев во изминатите две години од страна на УЕФА се делегирани правдата да ја делат на квалификациски натпревари за ЕП или групна фаза на Лигата на шампионите на УЕФА во футсал.<br>По однос на зголемување на бројот на меѓународни судии успеавме да добиеме уште едно место на главната листа жени кое место во 2014 година го пополнивме со перспективната Ирена Велевачкоска од Прилеп. |

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот на работата на тренерите | 45 нови тренери на годишно ниво.<br><br>Семинар за голмани на годишно ниво.<br>Воведена национална програма за фитнес тренери и одржани семинари еднаш годишно.<br><br>80 тренери на УЕФА студиски групи 4 пати во две години.<br><br>Рестартирана Ц лиценца до крај на 2016 40 тренери со Ц лиценца годишно. | 2016 - 2026 | Во 2014 година еден семинар за УЕФА Б диплома со нови 47 тренери;<br>Во 2015 година еден семинар за УЕФА Б диплома со нови 45 тренери;<br>Во 2016 година еден семинар за УЕФА Б диплома со нови 60 тренери.<br><br>Во 2016 одржан е семинарот за Национална Б лиценца за тренери на голмани која е задолжителна пред пристапување кон семинар за УЕФА А тренерска диплома за тренери на голмани кој е предвиден за во вториот дел од 2017.<br>Семинар за фитнес во 2016 не е одржан бидејќи приоритет беше ставен на организација на семинар за тренери на голмани и рестартирање на семинарите за Национална Ц лиценца. Во 2017 година предвиден е семинарот за фитнес тренери.<br><br>Овој проект почнува во Март 2017 со првата посета на група на тренери од Македонија во = Осло – Норвешка, во 2017 година предвидени се три вакви посети со по 5 тренери. Во периодот до 2026 очекуваме да дојдеме до бројка од 80 тренери<br><br>Во 2016 се одржа успешен семинар за Национална Ц лиценца на кој учествуваа 47 тренери кои работат во клубовите во детските лиги на ФФМ. За Март 2017 предвиден е уште еден семинар на кој учество ќе земат останатите тренери кои не успеаа да присуствуваат и останати заинтересирани тренери. |

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Тематски собири / техника, тактика, кондициска и психолошка припрема – еден во четри месеци . | | Собир на сите тренери во ФФМ од Декември 2016 е презакажан за 20 и 21 Февруари 2017, од причина што Директорот за едукација на УЕФА како и одредени странски предавачи пројавија интерес за присуство во Македонија и датумот во Февруари се поклопува со 15 години од првиот курс за УЕФА Б Диплома. |
| | Поддршка за присуство на стручно – научни конференции на тренери, во земјата и странство. | | Во 2016 година наши тренери присуствуваа на 2 меѓународни семинари одржани во Осло со тема женски фудбал – развој и во Атина со тема фитнес во фудбалот. И понатаму ќе продолжиме да ги поддржуваме нашите тренери при размена на искуства со останатите земји. |
| | Одржани семинари за футсал тренери на годишно ниво. | | Во 2016 година семинар за футсал тренери не е одржан бидејќи немаше доволно интерес од страна на тренрите, но во координација со УЕФА ќе започнеме со семинар за национална футсал лиценца со одредени привилегии кон Футсал Б лиценцата. Пристап кој ќе им овозможи на футсал тренерите поголем мотив и анагажираност кон нивката едукација. |
| | Издавање на стручни публикации на годишно ниво. | | Директорот на Центар за едукација во соработка со предавачите кои се ангажирани на семинарите во Македонија за добивање на УЕФА дипломи, во првиот квартал од 2017 година ќе подготват стручна публикација. |

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Развој на женскиот фудбал | Зголемен број на женски играчи за 10% на годишно ниво.<br><br>Вклучување на 900 девојчиња во грасрут настани.<br><br>Организирање на женско младинско натпреварување.<br><br>20 нови женски тренери со Б лиценца и 5 женски тренери со А лиценца. | 2016 - 2021 | Во 2015 година -вкупниот број на фудбалери бил 760.<br>Во 2016 година-вкупниот број на фудбалери бил 861.<br>Во 2017 година после пререгистрацијата-вкупниот број изнесува 1070 фудбалери.<br><br>Проектот за првпат е одржан во 2015 год, во Скопје и тоа две настани во април и септември цо масовност – 320 девојчиња Во 2016 год, се одржа две настани во две различни градови Струмица и Битола во септември 17.09.2016 во Струмица а на 24.09.2016 во Битола со вкупно учесници – 380 девојчиња.<br>На истите овие настани поделена е и опрема за учесниците во соработка со ФИФА како дел од проектот 'Live your goals".<br><br>Ова натпреварување трае веќе две сезони.<br>Во 2015 год вкупно имало 7 клубови.<br>Во 2016 год вкупно има 12 клубови.<br>За истите од страна на ФФМ е обезбедена фудбалска опрема.<br><br>Во 2015 год вкупно со Б лиценца-8<br>Во 2016 год вкупно со Б лиценца 19 |

# 1.1 РАСТ НА ИГРАТА

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Развој на футсалот | Зголемен број на регистрирани футсал играчи за 100%. | 2016 - 2021 | Во футсал натпреварувањето има добри резултати и масовност на фудбалери. Евидентно е во континуитет зголемен број на регистрирани фудбалери и учество на клубско и во меѓународно натпреварување во европски лиги.<br><br>Во Футсал Првенството во 2014/15 учесници биле 10 екипи во Прва футсал лига со регистрирани 170 фудбалери и 9 екипи во Втора футсал лига каде биле регистрирани 155 фудбалери. Се играло трокружен систем во Прва Футсал лига, а во Втора футсал лига се играло двокружен систем и после тоа во третиот круг играле само 4-те (четрите) екипи пласирани од прво до четврто место за влегување во Прва футсал лига .<br>Во Футсал Првенството во 2015/16 учесници биле 10 екипи во Прва футсал лига со регистрирани 200 фудбалери и 9 екипи во Втора футсал лига биле регистрирани 180 фудбалери. Се играло трокружен систем во Прва Футсал лига, а во Втора футсал лига се играло двокружен систем и после тоа во третиот круг играле само 4-те(четрите) екипи пласирани од прво до четврто место за влегувањево Прва футсал лига .<br>Во Футсал Првенството во 2016/17 учесници биле 10 екипи во Прва футсал лига со регистрирани 250 фудбалери и 9 екипи во Втора футсал лига биле регистрирани 225 фудбалери. Се играло трокружен систем во Прва Футсал лига, а во Втора футсал лига се играло двокружен систем и после тоа во третиот круг играле само 4-те(четрите) екипи пласирани од прво до четврто место за влегување во Прва футсал лига . во Прва Футсал лига, а во Втора футсал лига се играло двокружен систем и и после тоа во третиот круг играле само 4-те(четрите) екипи пласирани од прво до четврто место за влегувањево Прва футсал лига .<br><br>Екипата на Железарец во последните три сезони беа Шампион. |

# 1.2 РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

- На ниво на организации членки, администрација, организација на лигите, организација на фудбалската игра во целост.

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Измена во системот за натпреварување | Усвоен акт за изменет систем за натпревари на ФФМ<br>Усвоен акт за изменет систем на натпреварување во млади категории<br><br>Надградување на постоечкиот систем на натпреварување врз основа на направена анализа на фактичката состојба | 2016 - 2021 | Усвоен е акт за изменет систем на натпреварување за Прва и Втора лига, каде од сезона 2017/18 натпреварувањето во Прва МФЛ ке брои 10 клубови и ке се игра четворо кружен систем-распоред. Од сезона 2017/18 ке има 2 (две) Втори лиги (Исток и Запад) по 10 екипи со четворо кружен систем-распоред.<br><br>Во третите лиги останува со 5 (пет) региона каде системот на натпревари го утврдува Управниот Одбор на истите региони.<br><br>Во младинските лиги системот за натпревари е сменет во сезона 2016/17 каде моментално Супер лига има 12 екипи со тоа што во сезона 2017/18 ова лига треба да брои 10 екипи и ке се игра трокружен систем за натпревари,<br>Во Втора младинска лига во сезона 2016/17 каде моментално има 14 екипи со тоа што во сезона 2017/18 ова лига треба да брои 10 екипи и ке се игра трокружен систем за натпревари,<br>Во Регионална пионерска и помлада пионерска лига во сезона 2016/17 каде моментално има 9 екипи со тоа што во сезона 2017/18 ова лига треба да брои 10-12 екипи и ке се игра трокружен систем за натпревари,<br>Во сезона 2016/17 има формирано 5 (пет) Регионална лиги генерација 2002 и 2003 во сезона 2016/17 каде моментално имат по 6,7,8, 9,12 екипи со тоа што во сезона 2017/18 овие лиги треба да се задржат и да се зголемат број на учество да има по 10-12 екипи и ке се игра трокружен систем за натпревари, |

# 1.2 РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Измена во организација на генералниот секретаријат на ФФМ<br><br>Зајакнување на професионалните капацитети на фудбалската администрација | Дефиниран број на сектори и служби.<br><br>Усогласување на ФИФА ТМС евиденцијата на меѓународни трансфери со комет.<br><br>Учество на трибини за унапредување на спортот во земјата, најмалку еднаш годишно | 2016 - 2021 | Извршена е промена во администрацијата на ФФМ. Усвоена е и нова Систематизација на работните места и креирана нова организациска структура. Ова е направено со цел подобро и поефикасно и поефективно функционирање. Имено, се направи разделување односно креирање сектор фудбал, со кој раководи соодветен директор. Во секторот фудбал постојат 5 оддели со кои раководат раководители на истите. Вториот сектор е секторот поддршка кој е сочинет од 4 оддели. Организациска шема во ПРИЛОГ. Голем број од вработените посетуваат меѓународни курсеви од областа на раководењето и фудбалската администрација.Истите се завршени и се отвараат можности да пратиме нови вработени на курсевите организирани од страна на УЕФА и ФИФА, како и курсеви кои се поврзани со локалната легислатива и ажурирање на сите потребни информации. (Прилог 3).<br><br>Во изминатата година мануелно се внесуваа податоците од ФИФА ТМС системот за меѓународни трансфери во Системот на ФФМ во КОМЕТ. Оваа цел за целосно интегрирање е пролонгирана за 2017 година, откако ќе се изврши едукација и напатствија со главниот добавувач на овој наш софтвер Аналитиком.<br><br>Во изминатиот период ФФМ активно учествуваше на трибините организирани од Агенција за млади и спорт, а во врска со даночното поттикнување согласно Законот за данок од добивка за 2017 година каде големи придобивки ќе имаат сите фудбалски субјекти. |

# 1.2 РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Зајакнување на стручните капацитети на фудбалските работници | Спроведени по 2 семинари за судии, 4 проверки на физичка подготвеност на судии и 2 семинари за контролори на годишно ниво. | 2016 - 2026 | Судиската организација секоја година организира два семинари (летен и зимски) за судии и контролори, на кои што редовно се проверува физичката подготвеност на судиите, како и теоретската подготвеност на нив и на контролорите. Едукативниот дел, исто така, е задолжителен на секој семинар.<br>Летните семинари обично се спроведуваат во Охрид. Во 2015 година семинарот беше организиран од 25 до 28 јули, а во 2016 година од 26 до 29 јули. Едукацијата и теоретскиот дел од семинарот беше во хотелот Инекс Горица, а фитнес тестот на стадионот Билјанини извори.<br>Зимскиот семинар во 2015 година се спроведе во Охрид, во период од 17 до 21 февруари, во хотелот Инекс Горица и на стадионот Билјанини Извори. Во 2016 година хотелот Континентал во Скопје беше домаќин на семинарот за судии и контролори, а фитнес тестот се спроведе на Арената Филип Втори. Овој семинар беше организиран во период од 10 до 13 февруари.<br>Во текот на 2015 година, на крајот од месец октомври во Дојран, се организираше петдневен семинар за футсал судии. Ова беше прв семинар од ваков вид, учество земаа судии кои судат во двете футсал лиги, а предавач беше истакнатиот член на футсал бордот на ФИФА, господинот Масимо Кумбо од Италија.<br>Да се напомене дека во текот на годината се спроведуваат и најмалку 4 фитнес тестови за проверка на физичката подготвеност на судиите. Нема некое правило за нивно спроведување, обично се организираат после 4 одиграни кола, најчесто на Градскиот стадион во Велес. |
| | Два семинари за делегати на годишно ниво | | Во периодот од 2014 – 2016 година се одржани по 2 семинари за делегати за секоја сезона. На семинарите беа презентирани Пропозициите за натпреварувања, Правилниците за инфраструктура како и сите новитети кои ги имаме. Тековни предизвици и најдобри пракси и начини како да се избегнуваат истите во иднина.<br>Во сезона 2014/2015 имало 120 делегати на натпревари;<br>2015/2016 – 97 делегати;<br>2016/2017 – 97 делегати. |
| | Број на превземени активности од страна на посредници | | Согласно напатствијата од ФИФА и УЕФА во врска со посредниците, ФФМ ги превзема сите активности и е во согласност со барањата на нашите принципали. Во текот на изминатата година, немаше никакви промени и од таа причина не се направени било какви активности. |

# 1.2 РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
| --- | --- | --- | --- |
| Континуирана заштита на интегритетот | Едукација на академија, репрезентации, контролори, делегати, судии, клубови еднаш годишно<br>Успешно детектирани случаи за повреда на интегритет, и нивно процесуирање | 2016 - 2026 | Активно учество и едукација во врска со заштитата на интегритетот на фудбалските натпреварувања и презентација на активностите и начелата, негова заштита и почитување, на собирите на фудбалските репрезентации, семинарите на делегати и контролорите, семинартите и тестирањата на судиите, академијата во рамките на ФФМ и УЕФА турнири во организација на ФФМ минимум еднаш годишно (вкупно 12 одржани за минатата година).<br>Посебен акцент е ставен на младите категории преку превземена платформа на таканаречената УЕФА Интегрити програма.<br><br>Во директна соработка и комуникација со Министерството за внатрешни работи (Оддел за организиран криминал, Интерпол, Основно Јавно Обвинителство) од една страна како и одделот за интегритет на УЕФА и одделот за Интегритет при ФФМ, детектирани се неколку повреди на интегритет за кои навремено се известени МВР за нивно процесуирање (вкупно 3). |

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
| --- | --- | --- | --- |
| Организирање на меѓународни натпревари | Успешна организација на 4 мини турнири<br>Најмалку 2 мини турнири годишно | 2016 - 2021 | Изминатата година имавме организација на неколку квалификациски како и развојни турнири. (ПРИЛОГ 4.) |

# 1.3 ФИНАНСИСКИ РАСТ

- транспарентно и одговорно управување со средствата, создавање услови за финансиски раст од постоечките извори на средства и од нови извори на финансирање.

| Специфична цел | Показатели | Временска рамка | Резултати |
|---|---|---|---|
| Максимизирање на приходите од маркетинг активности на ФФМ | Јасно портфолио на спонзори и комерцијални партнери – 2 дополнителни партнери.<br>Зголемување на бројот на следбеници на социјалните мрежи за 20% на годишно ниво<br>Зголемување на базата на податоци на фанови и фудбалско семејство<br><br>Зголемување на сообраќајот на веб страните на ФФМ за 30% на годишно ниво | 2016 - 2021 | До крајот на 2016 година Фудбалската Федерација на Македонија ги продолжи договорите со постоечките комерцијални партнери: САВА Осигурување, КОДИНГ ГОРСКА и партнерот за спортска опрема ЈАКО. Во 2016 година беше потпишан двегодишен договор со компанијата за машки костуми ДС ДАМАТ кој е нов комерцијален партнер на ФФМ.<br><br>Во 2016 година следбениците на социјалните профили на Фудбалската Федерација на Македонија (Facebook, Twitter и Instagram) бележат пораст од 10%. ФФМ со поддршка од страна на УЕФА подготвува стратегија за унапредување на дигиталните платформи со цел да се максимизира потенцијалот на социјалните мрежи за комерцијални цели.<br><br>До почетокот на 2017 година базата на податоци на корисници со кои ФФМ остварува директна е-маил комуникација е зголемена за 45%. Во рамки на поддршката од страна на УЕФА за развој на дигиталната стратегија во тек е подготовка на акционен план за зголемување на базата на корисници со кои ќе се одржува директна комуникација.<br><br>Сообраќајот на веб страните на ФФМ во 2016 бележи значителен пораст во однос на 2015 година. Сообраќајот на официјалната страна www.ffm.mk бележи пораст од 18 %, со рекордни 2.500.000 посети во 2016 година, страната www.fanshop.ffm.mk бележи пораст на прегледи од 30 % додека пак страната www.tv.ffm.mk на која се врши пренос во живо на натпреварите од прва и втора МФЛ бележи пораст од 1440 % во однос на 2015 година. Се како очекуваме пораст на бројот на посети на сите три страни, а на ТВ платформата која е новитет воведен во 2015 очекуваме стабилизирање на порастот. Сообраќај прикажан преку извештајот од Google analytics во Прилог 5. |

# 1.3 ФИНАНСИСКИ РАСТ

| | | | |
|---|---|---|---|
